**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА (3.05.01.04) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-205/8 донесена на 360. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 29.6.2026 година и Решение бр. 2002-205/24, 25, 26 определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *стоматолошка протетика (3.05.01.04)* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Ерол Шабанов**, редовен професор во пензија, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, наставно-научна област протетика – претседател;
- **проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска**, редовен професор, наставно-научна област протетика, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член;
- **проф. д-р Катерина Златановска** вонреден професор за наставно-научната област протетика, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер" и „Коха“ на 15.6.2026 година и во предвидениот рок се пријави **доц. д-р Јулија Заркова Атанасова,** доктор по стоматолошки науки, област стоматолошка протетика, специјалист по стоматолошка протетика, вработена на Факултетот за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата ја разгледавме внимателно и утврдивме дека кандидатката, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во целост ги има доставено сите потребни документи.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Јулија Заркова Атанасова** е родена 1985 година во Штип. Основното образование го завршува во родниот град со одличен успех. Средното образование насока забен техничар протетичар го завршува во ДСМУ „Јане Сандански" - Штип со континуиран успех 5,00. Во учебната 2003/2004 се запишува на Стоматолошкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на петгодишни студии по програмата ЕКТС. За време на студиите во 2008 год. била на студиски престој во Универзитет Једитепе – Истанбул, Турција. По завршување на студиите на 10.10.2008 г. се стекнува со називот доктор по стоматологија со остварен просек 8,62 и освоени 300 ЕКТС кредити.

По завршувањето на приправничкиот стаж на Клиниката за стоматологија „Св. Пантелејмон“ во Скопје на 1.10.2009 година, д-р Јулија

Заркова Атанасова е избрана како демонстратор/волонтер на Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. На 10.11.2009 полага државен испит и се стекнува со работна лиценца издадена од Стоматолошката комора на РС Македонија. Како демонстратор била ангажирана во наставно-образовниот процес на Студиската програма по стоматологија и на Високата здравствена школа за стручни забни техничари-протетичари во зимскиот семестар и летниот семестар во учебната 2009/2010 и зимскиот и летниот семестар 2010/2011.

Во септември 2011 год. се вработува на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, при што се здобива со соработничко звање помлад асистент, ангажирана во наставно-образовниот процес во областа на стоматолошката протетика на Студиската програма по дентална медицина, како и на Стручните студии за забен техничар – протетичар.

На 18.11.2014 год. е избрана во звањето асистент-докторанд од научната област стоматолошка протетика, при Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Вториот циклус на студии ги завршува со остварен просек 10,00 и освоени 60 кредити, со одбрана на магистерскиот труд со наслов „Спектрофотометриска евалуација на бојата кај природните заби во однос на три клучеви за избор на боја и нивната грешка на покривање" на 3.6.2015 год. и се стекнува со назив магистер на стоматолошки науки на Стоматолошки факултет во Скопје.

На 30.12.2019 год. со успешно положување на специјалистичкиот испит по специјалноста стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на УКИМ, РС Македонија се стекнува со назив специјалист по стоматолошка протетика.

Третиот циклус на студии ги запишува на Факултетот за медицински науки, област базични и клинички истражувања во денталната медицина на УГД - Штип ги завршува со остварен просек 10,00 и со освоени 180 кредити. Со одбрана на докторската дисертација на ден 27.5.2021 год. со наслов „Улогата на дебелината кај монолитната литиум-дисиликатна керамика врз бојата и естетиката на протетските надоместоци - In vitro евалуација" кај интерен ментор проф. д-р Ивона Ковачевска и екстерен ментор проф. д-р Саша Станковиќ се стекнува со назив доктор по стоматолошки науки. За време на студиите во 2019 год. остварува тримесечен студиски престој на Медицинскиот факултет - Студии по стоматологија, во состав на Универзитетот во Ниш, Република Србија.

На 22.12.2021 год. на 270. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки со Одлука со број 2002-352/9 ја избира во наставно-научното звање доцент на Факултетот за медицински науки, област протетика (30407).

Во мај 2022 - мај 2023 год. се вработува на дополнително работно време според Законот за работни односи како доктор по стоматологија во ПЗУ „Д-р Дејан Ивановски" во Штип.

Во јуни 2023 год. до денес е вработена како доктор по стоматологија на дополнително работно време според Законот за работни односи во стоматолошката ординација „Дентимакс“ - Скопје.

Активно се служи со англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English – B2).

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор согласно со Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип**

***Општи услови за избор:***

***Кандидатката доц. д-р Јулија Заркова Атанасова ги има исполнето општите услови за избор во вонреден професор и тоа:***

- Има завршено прв циклус студии (300 кредити) просечен успех 8.62;
- Има завршено втор циклус студии (60 кредити) магистер по стоматолошки науки со просечен успех 10,0;
- Кандидатката е доктор на стоматолошки науки од областа на стоматолошка протетика со завршен трет циклус студии (180кредити) со просечен успех 10,0;
- Кандидатката е претходно избрана во наставно-научното звање доцент (Одлука бр. 2002-352/9);
- Објавени најмалку пет (5) научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години до датумот на објавување на Конкурсот:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Zarkova Julija**, Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Apostoloski Pavle, Longurova Natasa, Nikolovski Brun0 | Digitally Guided Rehabilitation Following Vertical Dimension Increase: A Case Rep | (2026) IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 25 (6). pp. 39-47. ISSN 2279-0853 | 2011 |
| 2. | **Zarkova Julija,** Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Nikolovski Bruno, Longurova Natasa, Apostoloski Pavle | Spectrophotometric evaluation of natural tooth color distribution across three dental shade guide systems: A cross-sectional study. | (2026) European Scientific Journal, 53 (1). pp. 756-770. ISSN 1857- 743 | 2011 |
| 3. | Nikolovski Bruno, Gjorsheski Darko, Susak Zoran, Spirov Vancho, **Zarkova Julija**, Pejkovska Shahpaska Budima, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa, Zlatanovska Katerina, Arsovski Ljupka | Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immunohistochemical insights. | (2026) World Journal of Biology Pharmacy and Health Sciences, 25 (1). pp. 403-410. ISSN 2582-5542 | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Pejkovska Shahpaska Budima, Peeva-Petreska Marija, Nikolovska Julijana, Dastevski Blagoja, Nikolovski Bruno, Zlatanovska Katerina, **Zarkova Atanasova Julija,** Lazarova Meri, Xhelili Fatos | Implant supported dental prosthetic constructions with the usage of artificial intelligence – review article | (2025) Apolonia Journal of Dentistry, 27 (60-61). pp. 179-190. ISSN 1857-6087 | 1999 |
| 5. | Prosheva Pelivanova Ljubica, Papakoca Kiro, **Zarkova-Atanasova Julija,** Atanasova Sandra, Zlatanovska Katerina, Naskova Sanj | The Influence of Lighting Conditions on Color Difference (ΔE) in Glazed Fixed Prosthetic Restorations: A Comparative Study. | (2025) IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (7). ISSN 2279-0853 | 2011 |
| 6. | Longurova Natasa, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, **Zarkova-Atanasova Julija.** | Non-carious cervical lesions:risk factors and treatment options. | (2025) Journal of Hygienic Engineering and Design, 51 (51). ISSN 1857- 8489 | 2012 |
| 7. | Prosheva Pelivanova, Ljubica and Papakoca, Kiro and Boskovic, Mirjana and Apostoloski, Pavle and **Zarkova-Atanasova, Julija** and Atanasova, Sandra | Optical Properties And Color Perception In Esthetic Dentistry: A Literature Review | (2025)IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (7). ISSN 2279-0853 | 2011 |
| 8. | Pejkovska Shahpaska Budima, Rusevska Biljana, Markovska Arsovska, Mirjana and Nikolovski, Bruno, Zlatanovska, Katerina, **Zarkova Atanasova Julija**, Kovacevska Ivona, Sylejmani Mimoza, Pejkovska Ana, Janceska Georgievska Tatjana | Comparison of two diagnostic imaging techniques for diagnosisng synovial chondromatosis of the temporomandibular joint | JMS 2024;7(2):98-102 | 2018 |
| 9. | Zlatanovska, Katerina and Longurova, Natasa and Dimova, Cena and **Zarkova-Atanasova, Julija** and Prosheva Pelivanova, Ljubica | Classification of temporomandibular disorders. | (2021)Knowledge - International journal, 49 (4). pp. 693-698. ISSN 2545-4439 | 2009 |
| 10 | Prosheva Pelivanova, Ljubica and Atanasova, Sandra and **Zarkova Atanasova, Julija** and Zlatanovska, Katerina | Интеграција на дигиталниот спектрофотометар во денталната медицина- нови можности за точност и квалитет. | (2025)Third international conference ETIMA 2025, 3 (1). pp. 194-204. ISSN 978-608-277-128-1 | 2021 |

- Кандидатката приложила потврда за познавање странски јазик - валиден меѓународен Кембриџ сертификат за англиски јазик напредно ниво Б2.
- Има способност за изведување високообразовна дејност. Активно учествува во реализација на настава од наставно-образовниот процес на прв циклус на студиските програми – академската студиска програма Дентална

медицина и стручните студии за Забни техничари-протетичари, на втор циклус Специјалистички стручни студии за забен техничар – протетичар.

- Се јавува како ментор и член на комисии за одбрана на дипломски трудови/ завршни испит и специјалистички испити.

***Посебни услови за избор во вонреден професор***

***Кандидатката доц. д-р Јулија Заркова Атанасова ги има исполнето посебните услови за избор во вонреден професор и тоа:***

- Учествува во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Кандидатката била учесник во проектот: *Современи аспекти на дезинфекција и стерилизација на инструменти и апарати во дентална медицина.*Dimova Cena, Naskova Sanja, Zlatanovska Katerina, **Zarkova Julija**, Mitevski Kiril, Rogoleva Gjurovski Sonja (2020). Како учесник–млад истражувач се јавува и следните научноистражувачките проекти: *Значење на соодветна орална хигиена за состојбата на оралното здравје кај студенти на медицинските науки* (2018), *Дентална морфологија на хумани трајни заби: екстерна и интерна анатомија на корени и коренски канални системи – експериментална студија* (2014) и *Употреба на антисептици и средства за дезинфекција во здравствените институции во Република Македонија во период од пет години (2013).*
- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници

Кандидатката е на листата ментори на втор циклус специјалистички стручни студии за забен техничар-протетичар. Се јавува како интерен ментор за изработка на специјалистички труд кај студент И.С. бр. на индекс 211627 на тема „Спектрофотометриска евалуација на влијанието на пигментирачките агенси врз колорната стабилност на акрилатните заби и ефикасноста на полирачките методи во отстранувањето на дисколорациите: In vitro студија“.

Кандидатката во изборниот период била ментор на 17 студенти на прв циклус студии и се јавува како член на Комисија за јавна одбрана на завршен испит кај студенти од прв циклус студии на дентална медицина и стручни студии за забен техничар протетичар.

Кандидатката била член на Рецензентска комисија за избор на соработнички звања (2) и за наставник во сите звања за наставно-научната област стоматолошка протетика на 4 кандидати. Учествувала и како член на комисија за одбрана на специјалистички испити кај специјализанти од областа на стоматолошката протетика, орална хирургија и ендодонција со реставративна стоматологија кај 12 кандидати.

Кандидатката има објавено позитивно рецензирана скрипта и практикум: Дентална имплантологија и Вовед во стоматолошка протетика. Исто така се јавува и како автор на поглавје од книга во странство: Minimally Invasive Aesthetic Solutions - Porcelain Veneers and Lumineers In: Materials and Technologies in Dentistry: Defects, Processing and Characterization; In: Handbook of Bioceramics and Biocomposites (скриптите, практикумите и поглавјата се евалуирани и бодувани во рефератот објавен во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” Штип бр. 288 од 1.12.2021 год. (18-34 стр.) .

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Јулија Заркова Атанасова активно и успешно е вклучена

во едукативниот процес и организација на наставата на Факултетот за медицински науки уште во почеток на неговото формирање, учествувајќи во создавањето студиската програма Дентална медицина и стручните студии за забен техничар-протетичар како демонстратор/волонтер.

Во соработничкото звање помлад асистент на Факултетот за медицински науки, УГД – Штип, е избрана во септември 2011 г.

Во учебните години 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 г. ја реализирала практичната настава по следниве предмети: Стоматолошка рендгенологија, Клиничка кариологија 2, Клиничка кариологија 1, Клиничка фиксна протетика 1, Естетска стоматологија, Претклиничка ендодонција, Претклиничка кариологија, Анатомија на вилици и дентална морфологија, Претклиничка мобилна протетика-тотална протеза, Претклиничка мобилна протетика-парцијална протеза, Естетска протетика, Фиксна протетика 4, Дентална терапија, Дентална морфологија.

На 18.11.2014 год. на Наствано-научниот совет на Факултетот за медицински науки на 130. седница (Одлука бр. 2502-291/18) е избрана во звањето асистент-докторанд за наставно-научната област протетика на Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и ја реализирала практичната настава на прв циклус студии по предметите:

- Клиничка фиксна протетика 1
- Клиничка фиксна протетика 2
- Фиксна протетика 1
- Фиксна протетика 2
- Фиксна протетика 3.

Како асистент-докторанд под менторство ја реализирала теоретската настава по предметите:

- Реставративна стоматологија
- Фиксна протетика 3
- Дентална терапија
- Структурни компетенции на здравствени работници и студенти.

Со Одлука бр. 2002-352/9 од 22.12.2021 год. на 270. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип е избрана за наставник во сите звања, доцент во област протетика (30407). Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр. 288 од 1.12.2021 год.

Доц. д-р Јулија Заркова Атанасова од 2022 г. до 2026 г. учествува во спроведување на теоретската настава на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Дентална медицина, а на следните предмети:

- Претклиничка фиксна протетика 1
- Претклиничка фиксна протетика 2
- Клиничка фиксна протетика 1
- Клиничка фиксна протетика 2.

На прв циклус студии на Факултетот за медицински науки на студиската програма Стручен забен техничар – протетичар е ангажирана на следните предмети:

- Фиксна протетика 1

- Фиксна протетика 2
- Фиксна протетика 3
- Мобилна протетика тотална протеза 2.

Учествува во наставата од втор циклус студии на студиската програма Специјалистички стручни студии за забен техничар-протетичар на следните предмети:

Задолжителни предмети:

- Алтернативни фиксно-протетски надоместоци
- Современо планирање на фиксни изработки
- Современо решенија на фиксна и парцијална беззабост.

Изборни предмети:

- Определување и репродукција на боја во стоматолошката протетика
- Дезинфекција и стерилизација во заботехничка лабораторија
- Керамички системи во протетика.

Доц. д-р Јулија Заркова Атанасова е автор над 160 трудови, од кои во последните пет години е автор/коавтор на вкупно 59 трудови (од кои 10 in extenso) објавени во научно-стручни стоматолошки и медицински списанија и презентирани на конгреси, симпозиуми и стручни состаноци во земјава и во странство.

Списокот на објавени трудови (24 труда) на кандидатката при изборот во асистент-докторанд објавени во научно-стручни стоматолошки и медицински списанија и презентирани на конгреси, симпозиуми и стручни состаноци во земјава и во странство се евалуирани и бодувани во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип бр. 132 од 15.9.2014 год. (21-30 стр.) и со освоени вкупно 58 поени. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/11-15/2014/135/

Списокот на објавени трудови (49 трудови) на кандидатката при изборот во наставно-научно звање доцент објавени во научно-стручни стоматолошки и медицински списанија и презентирани на конгреси, симпозиуми и стручни состаноци во земјава и во странство се евалуирани и бодувани во „Универзитетски билтен“ на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип бр. 288 од 1.12.2021 год. (18-34 стр.) и со освоени вкупно 265,5 поени. https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-25/2021/288/

Сите нејзини објавени научни трудови се достапни во електронска форма на е-репозиториум на УГД - Штип и може да се видат на следниов линк: https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zarkova=3AJulija=3A=3A.html, https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zarkova-Atanasova=3AJulija=3A=3A.html, https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Zarkova_Atanasova=3AJulija=3A=3A.html

**Листа на трудови на доц. д-р Јулија Заркова Атанасова ги доставува за рецензија за избор во вонреден професор и се однесуваат на последните пет години:**

**4. Листа на трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор in extenso / full text**

1. **Zarkova Julija**, Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Apostoloski Pavle, Longurova Natasa, Nikolovski Bruno (2026) Digitally Guided Rehabilitation Following Vertical Dimension Increase: A Case

Report. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 2026;25(6):39-47. ISSN 2279-0853 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38493

Евалуација на трудот: Авторите преку овој труд ја истакнуваат важноста на загубата на вертикалната димензија и неговата асоцираност со длабокиот загриз, како тешкотија при рехабилитацијата од орално-хируршки, протетски и естетски аспект, имплементирајќи ги новите дигитални технологии при реставрирањето.

Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.

2. **Zarkova Julija**, Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, Nikolovski Bruno, Longurova Natasa, Apostoloski Pavle (2026) Spectrophotometric evaluation of natural tooth color distribution across three dental shade guide systems: A cross-sectional study. European Scientific Journal, 53 (1). pp. 756-770. ISSN 1857- 7431 https://eprints.ugd.edu.mk/38540/

Евалуација на трудот: Во овој труд се врши анализа на природната хрома од бојата на забите кај 235 испитаници при реставрација на максиларни инцизиви по пат на спектрофотометија. Статистичката анализа потврдува сигнификантни разлики кај сите три употребувани клучеви, земајќи ги предвид возраста и полот на испитаниците и истакнувајќи го овој метод како високо сензитивен при планирањето и изведбата на оралната рехабилитација.

Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.

3. Nikolovski Bruno, Gjorsheski Darko, Susak Zoran, Spirov Vancho, **Zarkova Julija,** Pejkovska Shahpaska Budima, Petrovski Mihajlo, Longurova Natasa, Zlatanovska Katerina, Arsovski Ljupka (2026) Management of a dentigerous cyst in the right mandible: A case report with radiographic, histopathological and immuno-histochemical insights. World Journal of Biology Pharmacy and Health Sciences, 2026;25(1):403-410. ISSN 2582-5542 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/37626

Евалуација на трудот: Авторите во трудот ги обработуваат етио-патолошките аспекти на фоликуларните цисти како втори најчести одонтогени цистични лезии и презентираат случај кај 36-годишна пациентка преку клиничка, радиографска, патохистолошка и имуно-хистохемиска презентација, како и хируршки менаџмент на истата.

Трудот има научна и стручна вредност.

4. Pejkovska Shahpaska Budima, Peeva-Petreska Marija, Nikolovska Julijana, Dastevski Blagoja, Nikolovski Bruno, Zlatanovska Katerina, **Zarkova Atanasova Julija**, Lazarova Meri, Xhelili Fatos (2025) Implant supported dental prosthetic constructions with the usage of artificial intelligence – review article. Apolonia Journal of Dentistry, 2025;27(60-61):179-190. ISSN 1857-6087 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36891

Евалуација на трудот: Овој преглед од литературата ги обработува можноста и предизвиците кои ги нуди вештачката интелигенција при планирање на имплантолошките хируршки процедури и конструирање на протетските надоместоци над денталните импланти.

Трудот има научна и стручна вредност.

5. Prosheva Pelivanova Ljubica, Papakoca Kiro, **Zarkova-Atanasova Julija**, Atanasova Sandra, Zlatanovska Katerina, Naskova Sanja (2025) The Influence of Lighting Conditions on Color Difference (ΔE) in Glazed Fixed Prosthetic Restorations: A Comparative Study. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (7). ISSN 2279-0853 https://eprints.ugd.edu.mk/36296/

Евалуација на трудот: Авторите во трудот го анализираат влијанието на различните услови на осветлување врз промената на бојата (ΔE) кај глазирани фиксно-протетски надоместоци изработени од метал-керамика, монолитен циркониум и фасетиран циркониум. Преку експериментално истражување ги проценуваат разликите во колориметриските и значењето на стандардизираните услови при изборот на боја за постигнување оптимален естетски резултат.

Трудот има научна и стручна вредност.

6. Longurova Natasa, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, **Zarkova-Atanasova Julija** (2025) Non-carious cervical lesions:risk factors and treatment options. Journal of Hygienic Engineering and Design, 51 (51). ISSN 1857- 8489 https://eprints.ugd.edu.mk/36199/

Евалуација на трудот: Авторите во трудот ги обработуваат етиологијата, застапеноста и прогресијата на некариозните лезии на забите, со посебен акцент на влијанието на животните навики, оралната хигиена и системските фактори.

Преку клиничко истражување и анализа на ризик-факторите ги истакнуваат најзначајните причини за појава на овие лезии и ја нагласуваат важноста на превентивните мерки за зачувување на оралното здравје.

Трудот има научна и стручна вредност.

7. Prosheva Pelivanova Ljubica, Papakoca Kiro, Boskovic Mirjana, Apostoloski Pavle, **Zarkova-Atanasova Julija**, Atanasova Sandra (2025) Optical Properties And Color Perception In Esthetic Dentistry: A Literature Review. IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), 24 (7). ISSN 2279-0853

https://eprints.ugd.edu.mk/36298/

Евалуација на трудот: Во овој труд се обработува значајноста на бојата во естетската стоматологија и ја нагласува важноста од разбирање на перцептивните и физичките аспекти на бојата. Прегледот на литературата опфаќа визуелна перцепција, инструментални методи за мерење на боја и оптички својства на стоматолошките материјали, со посебен акцент на CIE Lab* системот и ΔE вредностите. Прикажано е дека визуелната проценка е субјективна, додека спектрофотометријата обезбедува пообјективни и репродуцибилни резултати. Заклучокот нагласува дека темелното познавање на колориметријата и оптичките својства е неопходно за постигнување клинички и естетски прифатливи реставрации.

Трудот има научно и стручно значење.

8. Pejkovska Shahpaska Budima, Rusevska Biljana, Markovska Arsovska Mirjana, Nikolovski Bruno, Zlatanovska Katerina, **Zarkova Atanasova Julija**, Kovacevska Ivona, Sylejmani Mimoza, Pejkovska Ana, Janceska Georgievska Tatjana (2024) Comparison of two diagnostic imaging techniques for diagnosing synovial chondromatosis of the temporomandibular joint. Journal of Morphological Sciences. JMS 2024;7(2):98-102 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/34957

Евалуација на трудот: Овој труд претставува пример за значењето на опсежната анализа на сите клинички и параклинички параметри при поставувањето на дијагноза. Темелната анализа на параклиничките иследувања и систематската диференцијална дијагноза довеле до успешно дијагностицирање на синовијална хондроматоза во виличниот зглоб кај 42-годишен пациент, со исклучително ретка рентгенолошка презентација и целосно отсутна симптоматологија.

Трудот има научно-стручна и апликативна вредност.

9. Zlatanovska, K., Longurova, N., Dimova, C., **Zarkova-Atanasova, J**. Proseva, Lj. (2021) Classification of temporomandibular disorders. Knowledge - International journal, 49 (4). pp. 693698. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/29136/

Евалуација на труд: Терминот дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб се користи за структурни и функционални нарушувања поврзани со темпоромандибуларните зглобови, џвакалните мускули и околните структури. Според авторите, темпоромандибуларните нарушувања може да се класифицираат во следните категории: нарушувања на џвакалната мускулатура; нарушувања на кондил-диск структурите; воспалителни и дегенеративни нарушувања; ограничена подвижност на ТМЗ – хипомобилност и вродени и развојни аномалии. Во многу ситуации успехот на терапијата на овие нарушувања, според авторите, помалку зависи од тоа како се изведува третманот отколку од тоа дали терапијата е соодветно и коректна за нарушувањето. Затоа, поставувањето на правилна дијагноза е исклучително важно за правилен третман.

Трудот има научно и стручно значење.

10. Prosheva Pelivanova Ljubica, Atanasova Sandra, **Zarkova Atanasova Julija,** Zlatanovska Katerina (2025) Интеграција на дигиталниот спектрофотометар во денталната медицина- нови можности за точност и квалитет. Third international conference ETIMA 2025, 3 (1). pp. 194-204. ISSN 978-608-277-128-1 https://eprints.ugd.edu.mk/36822/

Евалуација на трудот: Современата дентална медицина ги интегрира дигиталните технологии за подобрување на точноста и квалитетот на стоматолошките третмани. Дигиталниот спектрофотометар овозможува прецизно и објективно одредување на бојата на забите преку анализа на светлосните спектри, елиминирајќи субјективност и човечки грешки. Ова ја подобрува комуникацијата помеѓу стоматолозите и техничарите, намалувајќи потребата од корекции и повторни изработки. Иако технологијата има значителни придобивки, точноста може да биде под влијание на фактори како осветлување и состојбата на забите, па потребна е соодветна обука. Дигиталниот спектрофотометар претставува значаен напредок во естетската стоматологија, со потенцијал да стане стандард во практиката.

Трудот има научно и стручно значење

**5. Листа на научни и стручни трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор (со импакт-фактор)**

11. Nikolovski Bruno, Evrosimovska Biljana, Atanasova Sandra, Longurova Natasa, **Zarkova-Atanasova Julija,** Radojkova-Nikolovska Vera, Kovacevska Ivona, Pejkovska Shahpaska Budima, Petkov Marjan, Zlatanovska Katerina (2026) Laser assisted lip repositioning for rebalancing of asymmetrical gummy smile. In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA. (IF: 5.9) (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38541

Евалуација на трудот: Во овој труд авторите прикажуваат случај каде асиметричната и прекумерно видлива гингивална насмевка може успешно да се коригира со репозиционирање на горната усна, каде хируршките инцизии се изведуваат со помош на ласерската технологија.

Трудот има научно, стручно и апликативно значење.

12. Radojkova-Nikolovska Vera, Nikolovski Bruno, Atanasova Sandra, **Zarkova Atanasova Julija**, Zlatanovska Katerina, Longurova Natasa, Petrovski Mihajlo, Arsovski Ljupka, Spirov Vancho (2026) Methods and techniques for diagnosis in oral oncology. In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA. (IF: 5.9) (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38543

Евалуација на трудот: Оралниот сквамозен карцином е поле на континуирано истражување, поради своите особености и различната клиничка презентација. Овој труд ги разгледува постоечките и најновите технологии кои овозможуваат визуализација на раните промени на оралната слузница како што се хемилуминисценција, автофлуоресценција, рефлективна конфокална микроскопија, ласерска ендомикроскопија и микродисекција, оптичка томографија и др.

Трудот има научно и стручно значење.

13. Atanasova Sandra, Carceva - Salja Sofija, **Zarkova - Atanasova Julija**, Zlatanovska Katerina, Longurova Natasa, Nikolovski Bruno, Prosheva Pelivanova Ljubica, Kovacevska Ivona (2026) Harmonization of visible posterior teeth width after orthodontic treatment. In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA. (IF: 5.9) (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/38542/

Евалуација на трудот: Естетската хармонија на насмевката по ортодонтски третман е значаен фактор за постигнување оптимален функционален и естетски резултат. Во трудот се анализира хармонизацијата на видливата ширина на постериорните заби по ортодонтски третман, со посебен осврт на нивниот пропорционален однос и придонесот кон целокупната естетика на насмевката. Добиените сознанија можат да придонесат за подобро планирање и евалуација на естетските резултати по ортодонтска терапија.

Трудот има научно и стручно значење.

14. Longurova Natasa, Zlatanovska Katerina, Kovacevska Ivona, Atanasova Sandra, **Zarkova-Atanasova Julija**, Nikolovski Bruno (2026) Vitalion and CBCT use in restorative dental practice. In: 2026 IADR/AADOCR/CADR General Session & Exhibition, 25-28 March 2026, San Diego, California, USA. (IF: 5.9) (Poster), https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/38544

Евалуација на трудот: Современата реставративна стоматологија сè повеќе се потпира на напредни дијагностички технологии кои овозможуваат прецизна проценка и планирање на стоматолошкиот третман. Во трудот се разгледува примената на Vitalion и CBCT технологијата во реставративната стоматолошка практика, со осврт на нивната улога во подобрување на дијагностиката, планирањето и предвидливоста на терапевтските постапки. Примената на современите дигитални дијагностички методи придонесува за попрецизен и посигурен пристап во секојдневната клиничка практика.

Трудот има научно и стручно значење.

15. Longurova Natasa, Arsovski Ljupka, Mladenovski Marko, Nashkova Sanja, Atanasova Sandra, Nikolovski Bruno, Stevkovska – Cvetkovska Elizabeta, **Zarkova, Julija,** Kovacevska Ivona, Zlatanovska Katerina (2025) Icon Resin Infiltration for managing dental lesions - Case report. In: FDI World Dental Congress 2025 (FDIWDC25), 09-12 Sept 2025, Shanghai, China. International Dental Journal, 2025;75(1):238-239. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster), https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105161 , https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36740

Евалуација на трудот: Минимално инвазивните терапевтски пристапи имаат сè поголемо значење во современата реставративна стоматологија, особено во третманот на почетните некариозни и кариозни лезии. Во трудот, преку приказ на клинички случај, е прикажана примената на Icon resin infiltration како минимално инвазивна метода за третман на дентални лезии. Методата овозможува подобрување на естетскиот изглед со максимално зачувување на здравите забни ткива и претставува значајна терапевтска можност во современата клиничка практика.

Трудот има стручно и клиничко значење.

16. Atanasova Sandra, Arsovski Ljupka, Longurova Natasa, Toneva Stojmenova Verica, Nikolovski Bruno, **Zarkova Atanasova Julija**, Naskova Sanja, Zlatanovska Katerina, Carceva Salja Sofija, Prosheva Pelivanova Ljubica (2025) Assessment of Smile Index Variation Across Different Malocclusions. In: FDI World Dental Congress 2025 (FDIWDC25), 09-12 Sept 2025, Shanghai, China. International Dental Journal, 2025;75(1):359-360. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster) https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105481 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36724

Евалуација на трудот: Естетиката на насмевката претставува значаен аспект во ортодонтската дијагностика и планирањето на терапијата. Во трудот е направена проценка на варијациите на индексот на насмевката кај различни видови малоклузии, со цел да се утврди нивната поврзаност со карактеристиките на насмевката. Добиените сознанија придонесуваат за подобро разбирање на влијанието на малоклузиите врз естетиката и можат да бидат од значење при индивидуалното планирање на ортодонтскиот третман.

Трудот има научно и стручно значење.

17. Trpevska Vesna, Nikolovski Bruno, **Zarkova Atanasova Julija**, Zlatanovska Katerina, Mijoska Aneta, Petkov Marjan, Kovacevski Aleksandar, Koseva Biljana, Cena Dimova, Kovacevska Gordana (2025) Treatment Of Class III with Facemask Therapy. In: FDI World Dental Congress 2025 (FDIWDC25), 09-12 Sept 2025, Shanghai, China. International Dental Journal, 2025;75(1):339. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Oral presentation) https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105427 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36925

Евалуација на трудот: Малоклузиите од III класа претставуваат комплексен ортодонтски проблем, при што навремената дијагностика и раниот третман се од особено значење. Во трудот е прикажан третман на малоклузија од III класа со facemask терапија, како ортопедски пристап за корекција на нарушениот сагитален однос на вилиците. Примената на овој терапевтски пристап во соодветен период на раст и развој може да придонесе за подобрување на оклузалните односи, функцијата и профилот на пациентот.

Трудот има стручно, клиничко и научно значење.

18. **Zarkova Atanasova Julija**, Zlatanovska Katerina, Naskova Sanja, Longurova Natasa, Nikolovski Bruno, Pejkovska Shahpaska Budima, Berisha Almedin, Tashkovski Hristijan, Atanasova Sandra (2024) Clinical comparison of crowns made with two intraoral scanners. In: FDI World Dental Congress 2024 (FDIWDC24), 12-15 Sept 2024, Istanbul, Turkiye. IDJ 2024;74(1):369 (IF: 3.2) (Poster) https://doi.org/10.1016/j.identj.2024.07.494 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36512

Евалуација на трудот: Дигитализацијата во фиксната стоматолошка протетика овозможува примена на интраорални скенери при изработката на протетички реставрации, со цел постигнување поголема прецизност и

предвидливост на третманот. Во трудот е направена клиничка споредба на коронки изработени со примена на два различни интраорални скенери, со евалуација на нивната клиничка примена и добиените протетички резултати. Истражувањето придонесува кон проценката на современите дигитални технологии и нивната практична примена во фиксната стоматолошка протетика.

Трудот има научно, стручно и клиничко значење.

19. Petkov Marjan, **Zarkova Atanasova Julija**, Trpevska Vesna, Veleska-Stefkovska Daniela, Stojanovic Mihael, Eftimoska Marina, Radojkova-Nikolovska Vera, Nikolovski Bruno, Jurukovska Sotarovska Vesna, Mijoska Aneta (2025) Contemporary digital treatment of resorbed avulsed maxillary incisors: multidisciplinary approach. International Dental Journal, 2025;57(1):264-265. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Oral presentation) https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105229 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36731

Евалуација на трудот: Во овој труд презентиран е случај на авулзија на траен максиларен инцизив кај 17-годишен пациент, чиј заб бил имедијатно реплантиран. По осум години следење, поради евидентирана коренска ресорпција, наложена била потреба од екстракција, а истата била придружена со аугментациска процедура со употреба на коскен графт и ресорптивна мембрана. Во втора фаза изведено е вградување на дентален имплант, а врз него, на крајот естетска протетска реставрација, планирана и добиена со дигитално скенирање и 3Д отпечатување. Тука се истакнува мултидисциплинарниот пристап во третманот на денталните трауматски повреди.

Трудот има научно и стручно значење.

20. Nikolovski Bruno, Radojkova-Nikolovska Vera, Trpevska Vesna, Toneva Stojmenova Verica, Arsovski Ljupka, Atanasova Sandra, Longurova Natasa, Petkov Marjan, **Zarkova Atanasova Julija**, Zlatanovska Katerina (2025) Immediate implantation following palatally impacted canine extraction. International Dental Journal, 2025;75(1):49-50. ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster) https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105709 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36727

Евалуација на трудот: Студијата има за цел да ја испита можноста за постигнување примарна стабилност на имплантите во намалена количина на коска со минимална препарација на местото на остеотомијата. Имедијатната имплантација по екстракција на импактиран максиларен канин, претставува одржлива алтернатива на традиционалните методи за рехабилитација со дентални импланти.

Трудот има научно и стручно значење.

21. Zlatanovska Katerina, Prosheva Pelivanova Ljubica, Naskova Sanja, Mladenovski Marko, Azizi Fadilj, Shehapi Afrim, Nikolovski Bruno, Atanasova Sandra, Longurova Natasa, **Zarkova Atanasova Julija** (2025) Impact of Polishing on Candida albicans Adhesion to Dental Resins. In: FDI World Dental Congress 2025 (FDIWDC25), 09-12 Sept 2025, Shanghai, China. IDJ 2025;75(1):278 ISSN 1875-595X (IF: 3.7) (Poster) https://doi.org/10.1016/j.identj.2025.105267 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36723

Евалуација на трудот: Површинските карактеристики на денталните смоли имаат значајно влијание врз адхезијата и колонизацијата на микроорганизмите во усната празнина. Во трудот е испитувано влијанието на полирањето врз адхезијата на Candida albicans на дентални смоли, со посебен

осврт на поврзаноста помеѓу обработката на површината и микробната адхезија. Добиените сознанија се значајни за оптимизирање на постапките за завршна обработка и полирање на денталните материјали, со цел подобрување на нивните биолошки и клинички својства.

Трудот има научно, стручно и клиничко значење.

